Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 јули 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на МАТРИКС ФАМИЛИ ДОО Куманово УП2 09-154/24 од 19 март 2024 година против Известување за одбивање на барање на надомест на штета на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 03-2968/1 од 26 декември 2023 година СЕ ОДБИВА.

2. Известувањето за одбивање на барање на надомест на штета на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 03-2968/1 од 26 декември 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

МАТРИКС ФАМИЛИ ДОО Куманово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-154/24 од 19 март 2024 година против Известување за одбивање на барање на надомест на штета на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 03-2968/1 од 26 декември 2023 година на КЕЦ Охрид, против висината на трошокот за приклучок на износ од 145.266,00 денари.

Според Електродистрибуција – подносителот не е евидентиран како корисник на конкретното место

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 1 јули 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-154/24 од 19 март 2024 година со прилог:

-Договор за закуп на станбен простор

-Тековна состојба на Друштвото

2. Одговор на приговор и дополнителни докази од ЕВН од 17 април 2024 година со прилог:

-Приговараното Известување

-Барање за надомест на штета

-Записник за увид на комисија по барање за оштета по основ на одговорност

-Записник за отклонување на дефект.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, само лицето кое е заведено како корисник на предметното броило во Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје може да побара надомест на штета.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–154/24**
**8 јули 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**